РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3005/3
04-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60 – та седница одржана на ден 28.01.2022 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 09-3704/1 од 27.10.2020 година, оформен по доставена пријава од непознат подносител против лицето ------ ------- - -----, претседател на Советот за спорт при --- **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди не е настаната повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и настаната е промена на фактичката состојба, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 09-3704/1 од 27.10.2020 година кој е оформен врз основа на пријава за постоење состојба на судир на интереси од непознат подносител, против лицето ------ ------- - -----.

Во пријавата се содржани наводи дека ------ ------- - -----од страна на директорот на ------ -- ------- - ----- е именувана за вршител на функцијата Претседател на ---- -- ---- при ---, формиран како стручно-советодавно тело во агенцијата.

Истото лице, била избрана и за вршител на функцијата претседател на -------- -------- на Македонија.

Пријавата се однесува на тоа што, погоре посоченото лице истовремено ги врши функциите претседател на ------- ------ на Македонија и претседател на Советот за спорт при ---.

Со цел потврдување на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати до --- со барање за доставување податоци и информации со број 09-3003/1 од 25.08.2021 година и по добивање на бараните податоци го утврди следното:

Претседател на ----- -- ----- при --- е друго лице именувано од декември 2020 година, а претседател на -------- ------- е ------ ------- - -----. Претседателот и членовите на ------- -- ------ ги назначува директорот на --- со одлука. Во прилог, --- ги достави и одлуките за доделување на средства и договори за 2020 и 2021 година.

При повторно разгледување на наводите во пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај се работи за тела кои не се опфатени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите и членовите на тие тела не се службени лица согласно законските дефиниции.

Оттука, произлегува дека во конкретниот случај не може да се констатира состојба на судир на интереси согласно законот, а од друга страна пак настаната е и промена на фактичката состојба, односно лицето ------ ------- - -----повеќе не е претседател на ------ -- ----- при ---.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК